ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

Предлог одлука

Врз основа на одредбите од Законот за трговски друштва, одредбите од Законот за супервизија на осигурување, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, како и одредбите од Статутот бр.0201-4027/8-1 од 28.04.2017 на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), во однос на точка 13 од работниот дел на Јавниот повик за свикување на годишно акционерско собрание за деловната 2017 година бр.02-2535/3-1 од 22.03.2018 година, Годишното собрание на Друштвото на својата седница, одржана на **27.04.2018 година**, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за утврдување на престанок на мандат на**
**членоите на Надзорниот одбор на Друштвото**

1. Поради истек на времетраење се утврдува престанок на мандатот на членовите Надзорниот одбор на Друштвото, односно се утвдува престанок на мандатот на:
   - **Габор Лехел**, како член на Надзорниот одбор.
   - **Андреја Јосифовски**, како член на Надзорниот одбор,
   - **Михаил Хак**, како член на Надзорниот одбор,
   - **Волфганг Петчко**, како член на Надзорниит одбор,
   - **Реинхард Гојер**, како член на Надзорниот одбор.
2. Поради престанок на мандатот на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото, акционерите на Друштвото на Годишното обрание за деловната 2017 година ќе пристапат кон избор на нови членови на Надзорниот одбор на Друштвото.
3. Оваа Одлука влегува во сила:
   - по добивање на согласност за измена и дополнување на Статутот на Друштвото (Пречистен текст) бр.0201-4027/8-1 од 28.04.2017 година, која ја издава Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија.
   - по упис на престанокот на мандатот на постојните членови на Надзорниот одбор во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Македонија.
   - на денот кога мандатот на новоизбраните членови на Надзорниот одбор на Друштвото ќе се упише во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Македонија.
4. Оваа Одука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.
5. Се овластува Г-дин Бошко Андов, како Претседател на управниот одбор на Друштвото, да преземе дејствија за упис на промена во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Македонија.

ГОДИШНО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

______________________________

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk